**ЗАПИСНИК**
**од 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 15.05.2017 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Лазар Трајчев, Зоран Фиданоски, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

Присутни од Стручна служба: м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Цветанка Митревска, м-р Арбен Саити, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска.

Други присутни: /

Г-дин Петрушевски, ја отвори 19-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:15 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 7 гласа „за", го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Усвојување на Предлог-записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.05.2017 година.

2. Предлог-одлука за доделување дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Кривогаштани.

3. Предлог за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

4. Предлог-одлука за набавка на адвокатски услуги од адвокатско друштво/канцеларија.

5. Предлог-одлука за обезбедување на дополнителна претплата за 4 (четири) конекции/пристапи на електронската база на прописи – ЈП Службен Весник на Република Македонија.

6. Предлог-одлука за потреба од јавна набавка: пијалаци за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

7. Предлог-одлука за набавка на штедливи сијалици за дополнително осветлување во просториите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа предложениот Записник од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.05.2017 година.

Г-дин Петрушевски, отвори дискусија по содржината на записникот. Објасни дека тој има една забелешка во пасусот од неговата дискусија која се наоѓа на страна 4, трети ред. Запишано е дека: „Г-дин Петрушевски, му се извини на г-дин Трајчев, и рече дека тоа стои во записникот...". Во таа насока објасни дека на седницата рекол - се извинувам колега, но не е така. Така што, рече, не е сигурен дека ова претставуваше класично извинување и според тоа не изгледа баш така како што е запишано, бидејќи немаше класично извинување. Според него, ако се извиниш треба да се согласиш. Посочи дека е во дилема дали да стои како што буквално рекол, да се издвои во наводници и да се пише реченицата со негов цитат. Во таа насока ги повика членовите да дадат коментар, а исто така предложи дека тоа може да се провери и на снимката од седницата.

Раководителката на одделението за поддршка на работата на Советот на Агенцијата, Маја Дамевски, рече дека од снимката ќе ја провери дискусијата и ќе го извади цитатот на г-дин Петрушевски.

Г-дин Трајчев, рече дека нема потреба да се проверува, и дека според него не е спорно, може да се запише онака како што смета г-дин Петрушевски.

Г-дин Петрушевски, уште еднаш повтори дека во неговата дискусија немаше класично извинување, но дилемата му е како тоа да се запише а ја нема ни гледано аудио/видео снимката.

Г-дин Фетаи, рече дека во овој случај нема потреба да се прегледува снимката, и нема ништо против идејата на образложението на г-дин Петрушевски да се внесе во записник на начин како што предлага, со цитат, неутрално.

Г-дин Петрушевски, по дискусијата предложи во записникот тој дел да биде внесен онака како што кажал на снимката, издвоен со цитат.

Советот, со корекцијата од г-дин Петрушевски, едногласно го усвои Записникот од 18-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 05.05.2017 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за доделување дозвола за радио емитување на подрачјето на општина Кривогаштани. Објасни дека на една од претходните седници, Советот донесе Одлука за објавување на јавен конкурс за доделување дозвола за радио емитување на програмски сервис на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани. На јавното отворање имаше една доставена Пријава за учество на јавниот конкурс од кандидатот Гордана Цветаноска од с.Мало Коњари, Прилеп. По прегледувањето на документацијата, беше констатирано дека поднесената Пријава за учество на јавниот конкурс на единствениот кандидат Гордана Цветаноска, од с.Мало Коњари, Прилеп, ги исполнува условите утврдени во конкурсот и условите за доделување на дозвола.

Г-дин Петрушевски, објасни дека членовите на Советот ги имаат добиено сите потребни информации во материјалите и целата хронологија на настани.

Г-дин Фиданоски, рече дека ќе ја искористи точката која што е поврзана за радиото во Кривогаштани, ќе зборува на таа тема, меѓутоа сака да се наврати на една од претходните седници кога се дискутираше за потребата од отворање конкурс за национални телевизии. Како прво рече дека ќе ја поддржи Предлог-одлуката, но рече дека треба да се има предвид и новиот развој на ситуацијата што се случува околу локалните избори со тоа што се пролонгира практично со најмалку една година потенцијалниот јавен конкурс за нови телевизии. Смета дека по малку се прават двојни стандарди околу донесувањето на одлуката, без разлика што овде станува збор за локално радио, а претходно стануваше збор за телевизии на национално ниво. Јавен конкурс е сепак јавен конкурс, но, рече ако добро се сеќава, во септември минатата година на една од седниците Советот донесе заклучок кој се однесуваше за јавниот конкурс за национални телевизии. Меѓу другото беше речено, одлуката за објавување јавен конкурс ќе оди по завршувањето на тогаш вонредните парламентарни избори, по објавување на конечните резултати. Тоа не се направи, со шест воздржани гласа и само негова поддршка, практично таа одлука Советот не ја донесе. Посочи дека треба да се има предвид дека според некоја слободна проценка, наново постапката би отворила барем шест месеци и тогаш ќе се совпадне од сега со локалните избори, што значи дека останува најмалку минимум уште една година за можност за отворање на јавен конкурс за две дозволи за потребните формати што произлегоа од објавената Студија. Рече дека со оваа негова дискусија само сакал да укаже на тоа и како што кажал на почетокот, ќе гласа за донесување на предложената одлука за радиото.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-216 од 11.05.2017 година и едногласно донесе Одлука за доделување дозвола на Гордана Цветаноска, од с.Мало Коњари, Прилеп, за радио емитување на програмски сервис, музичко - говорно радио од општ формат, на македонски јазик, на локално ниво, на подрачјето на општина Кривогаштани, кој ќе се емитува преку радиофреквенција определена од страна на Агенцијата за електронски комуникации на РМ, и тоа: 96.8 MHz, со текст како што беше предложена.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб-страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Одлуката за доделување дозвола да се достави до Гордана Цветаноска, со место на живеење во с.Мало Коњари, Прилеп, со цел да регистрира трговско радиодифузно друштво во соодветниот регистар. Во рок од 15 дена од денот на приемот на регистрацијата, Агенцијата да ја издаде предметната дозвола.

Г-дин Трајчевски, процедурално, му постави прашање на Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, дали одлуката се совпаѓа со Правилникот за подрачјата на покривање на телевизиски и радио програмски сервиси?

Раководителот на Секторот за информатичка поддршка и општи работи, м-р Арбен Саити, одговори дека подрачјето на покривање за радио сервиси на локално ниво се поклопува со општина Кривогаштани и е во согласност со Правилникот.

Г-дин Петрушевски, му посака среќа во работата на радиодифузерот, да проработи во наредниот период, согласно пропишаните рокови.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски, го образложи Предлогот за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година, на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека на минатата седница се направи ребаланс на Финансискиот план за 2017 година, поради извештајот изработен од страна на овластеното Друштво за проектирање монтажа испитување и инженеринг „Техничка сигурност-БМВ" ДООЕЛ Скопје, каде што се побара за најголем дел од просториите во Агенцијата, да се набават навлажнувачи на воздух. Следствено на тоа, се предлага да се изврши промена на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година, за да може да се спроведе таа јавна набавка.

Г-дин Петрушевски, објасни дека станува збор за многу мала промена во планот со мали средства и отвори дискусија.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.05-2444/1 од 11.05.2017 година, од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и едногласно даде одобрување за дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година – 05-6664/1 од 23.12.2016 година и 05-459/1 од 18.01.2017 година (Пречистен текст) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со бр.05-463/1 од 20.01.2017 година, со текст како што беше предложен.

Агенцијата има потреба од набавка на навлажнувачи на воздух за сите работни простории на Агенцијата со цел да се исполнат препораките наведени во Документацијата за безбедност и здравје при работа во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги – Испитување на микроклиматски услови во работна средина Извештај бр.001/17-2-БЗР, изработен од страна на овластеното Друштво за проектирање монтажа испитување и инженеринг „Техничка сигурност-БМВ" ДООЕЛ Скопје.

Следствено на горе наведеното, согласно потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, неопходно е постојниот Годишниот план за јавни набавки во 2017 година – 05-6664/1 од 23.12.2016 година и 05-459/1 од 18.01.2017 година (Пречистен текст) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со бр.05-463/1 од 20.01.2017 година, да се дополни, и тоа:

во Главата I. Договори и рамковни спогодби за јавни набавки на стоки, се врши следното дополнување, односно се додава една нова точка, и тоа:

По точката 10, се додава нова точка 11 која ќе гласи:

| Бр. | Предмет на договорот за јавна набавка/ рамковната спогодба | Шифра според ОПЈН | Очекуван почеток на постапката (месец) | Вид на постапката | Проценета вредност на набавка/рамковна спогодба без ДДВ |
|---|---|---|---|---|---|
| 11. | Навлажнувачи на воздух за работните простории на Агенцијата | | мај/јуни | Постапка со барање за прибирање понуди | 250.000,00 |

За напред предложеното дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година – 05-6664/1 од 23.12.2016 година и 05-459/1 од 18.01.2017 година (Пречистен текст) на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со бр.05-463/1 од 20.01.2017 година, средствата во целост се обезбедени со ребаланс на

Финансискиот план за 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, кој беше спроведен со Одлука бр.02-2370/1 од 05.05.2017 година.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, да изготви пречистен текст на Годишниот план за јавни набавки во 2017 година.

Точка 4

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за набавка на адвокатски услуги од адвокатско друштво/канцеларија. Објасни дека тој како Директор и раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, во изминатиот период имале повеќе активности, поврзани најмногу не со дејноста што ја врши Агенцијата, туку со заостанати предмети повеќе од 10 години, како на пример стечај, залог и слично. За да не се доведат Агенцијата и Советот во ситуација да носат погрешни одлуки, се предлага набавка на адвокатски услуги. Објасни дека до сега Агенцијата немала ваква набавка, таа може да се случи и со директна спогодба, но сепак ќе се побараат понуди од повеќе адвокатски друштва или канцеларии за да помогнат во наредниот период за овие специфични случаи што Агенцијата ги има.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, рече дека: „Не би додала ништо повеќе, само да го поправам директорот дека никогаш не сме донеле погрешна одлука и да, максимално секторот вложувал напори и успевал во тоа да подготви професионално сработени материјали. Меѓутоа обемот и динамиката на овие предмети кои што се, и самите видовте од 2003 година некои, навистина вложивме натчовечки напори за да ги сработиме. Мислам дека ова е сосема во ред претстојниот период... Уште едно нешто би додала регулаторите, министерствата, другите како нас слични организации од многу одамна тоа го практикуваат на сметка на... да можат вработените да бидат посветени повеќе на проблематиката која што е примарна дејност."

Г-дин Трајчев, процедурално, рече дека колку што се сеќава, досега Советот нема донесено одлука за спецификација, туку само одлука. Советот не ја одобрува спецификацијата, тоа го дискутирале неколку пати на седница, тоа е надлежност на директорот, а надлежност на Советот е да донесе одлука за утврдување на потреба на нешто на основа на образложението на Директорот и на Стручната служба. Советот носи одлука за утврдување на потреба, додека спецификацијата се дава во прилог, но тоа не е нешто што се усвојува од страна на Советот.

Г-дин Петрушевски, рече дека така и тој го разбира ова, дека Советот ќе одобри, а во однос на спецификацијата може да дадат забелешки, но самата содржина во деталите се остава на Стручната служба и на Директорот. Советот давал забелешка но не се случило досега да ја одобрат спецификацијата, се доставува до нив за да бидат информирани.

Г-дин Трајчев, посочи да се погледне каква е одлуката.

Г-дин Петрушевски, рече ако е така, тогаш тоа треба да се поправи.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, објасни дека првично спецификацијата не била составен дел на одлуката, туку ставена на увид како составен дел на материјалите. Но по сугестија на раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, е ставена како прилог на одлуката.

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Цветанка Митревска, одговори дека тоа е точно, дека спецификацијата е ставена по нејзин предлог и е потребна, и при тоа објасни, дека кон секоја одлука секогаш има во прилог техничка спецификација.

Г-дин Петрушевски, рече дека предложената одлука ја потпишува Директорот на Агенцијата а не претседателот на Советот. Тоа значи дека таа е дел од работењето на Стручната служба а не на Советот.

Г-дин Трајчев, рече дека тогаш е во ред. Иако спецификацијата ќе биде работа на Стручната служба, рече како сугестија, дека според него има една недоследност во спецификацијата, каде што кажува дека како награда за услугите ќе биде или месечен паушал или според важечката тарифа за награда и надоместок за трошоците за работа на адвокатите. Објасни дека кога ќе се направи постапката, плаќањето треба да биде или по дејствие или по паушал, затоа што кумулативно се плаќа двојно. Рече дека ова е еден вид техничка забелешка. Втората сугестија беше во однос на понудите, рече дека може да бидат и тројца адвокати, важно е да не се наруши конкуренцијата, да се направи некое истражување и да има соодветен број на понуди. Можеби тројца адвокати е сосема доволно да се добие квалитет а да се добие конкуренција. Ова е една забелешка од технички аспект а понатаму, тоа ќе биде работа на Стручната служба и Директорот, на кој начин ќе ја распишат постапката.

Г-дин Петрушевски, рече дека има мала забелешка. Пишува дека набавката ќе се реализира сукцесивно а на едно место има паушал, обично не оди едно со друго. Сукцесивно значи, што е сработено се плаќа, а паушал работел, не работел му даваш фиксно. Побара ова да се појасни.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, објасни дека во последно време адвокатските тарифи се зголемија. Целта била да се добие можност за двете варијанти, некој можеби ќе понуди паушал а некој по адвокатски тарифник, но не и по двете. Од кога ќе се добијат понудите, ќе се разгледаат и ќе се размисли што ќе биде најповолно за Агенцијата.

Г-дин Трајчев, рече дека технички за него ова е немерливо. Или ќе се бара понуда по еден основ или по друг, за да може да биде мерливо, инаку како утре ќе се оцени дали една понуда е поповолна од друга и како некој понудувач ќе знае кои се критериумите за тоа каква понуда да даде. Во таа насока, рече дека треба да има мерливост, да се знае што Агенцијата бара и по тој критериум да се носи одлука кој е најдобар понудувач, а најевтиниот е најдобар.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, рече дека во овој случај не станува збор за најевтина понуда туку за најповолна.

Г-дин Петрушевски, рече дека понекогаш интелектуалните работи не се мерат со најниска цена и не може да се биде сигурен дека ако некој понуди поевтино ќе ја заврши работа квалитетно. Забележал во материјалите дека пишува дека ќе се избере најповолната понуда. Според него, г-дин Трајчев е во право, мора тоа да биде мерливо за да се донесе одлука. Постои можност и со директна спогодба, но тоа ќе се избегне, добро е да се избегне, треба да има конкуренција, барем 2-3 понуди, за да се добијат реални цени.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, појасни дека одлуката е во важност до 31.12.2017 година, не една година, од причина што Агенцијата немала искуство со ваква соработка, па не

може да се предвиди потребниот износ на средства на годишно ниво, како и каква ќе биде динамиката и обемот на соработката со адвокатската канцеларија и дека ова искуство ќе биде од помош за наредната година во Финансискиот план да се предвидат потребните средства на годишно ниво за ваквиот вид набавка.

Г-дин Петрушевски, ја праша г-ѓа Скерлев Чакар, ако има три понуди, и доколку понудите на тројцата се идентични, како Секторот или комисијата ќе ги бодува која ќе биде најповолна, затоа што нема точни критериуми.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, одговори дека понудите не се бодуваат, туку ќе се размислува и согледа согласно доставената референтна листа, во работата на кое поле биле повеќе посветени. Почетно е да се добијат понудите, да има можност за избор, па потоа да се одлучи.

Г-дин Петрушевски, рече дека тој ќе даде поддршка за одобрување на одлуката, а сите дискусии на седницата и размислувања, Стручната служба и Директорот да ги земат предвид, за да во самата спецификација испадне најповолно за Агенцијата и најдобро. Не е секогаш најевтиното и најдобро, посебно кога се работи за интелектуалните услуги.

Г-дин Фиданоски, рече дека ќе даде поддршка на барањето за одобрување на одлуката за набавка на адвокатски услуги. Смета дека потребата е повеќе од неопходна, иако прв пат се случува, затоа што Агенцијата има многу други работи што формално правно мора да ги реализира. Како пример го наведе последниот случај со залогот, за што Советот потроши енергија а може да претпостави Стручната служба колку енергија потрошила, за да се дојде до некое решение кое што е за Агенцијата најдобро, најприфатливо. Со вакви предмети Агенцијата го запоставува оној условно речено стручен дел потребен за нејзината работата. Смета дека ќе се добие на квалитет со ангажирање на ваквата услуга. Во врска со дилемата која се отвори во дискусијата, рече дека и кај него се отвори дилемата, дали паушал или по сторена услуга. Смета дека тоа ќе зависи од обемот на работа што е потребна за ангажманот на ваквата адвокатска канцеларија. Претпостави дека тоа Службата и Директорот, си го знаат најдобро. Рече дека г-дин Трајчев е најупатен во однос на тоа што е поисплатливо во случајов за Агенцијата. Се согласи дека најевтиниот не значи секогаш дека е најдобар и дека можеби ангажманот по паушал ќе донесе и квалитет повеќе, затоа што на некој начин на таа адвокатска канцеларија Агенцијата и се постава како еден од приоритетните клиенти. Сите тие работи во денешниот свет на должничко доверителни односи се наплаќаат, и од тие причини, не навлегувајќи во суштина на одлуката, мисли и верува дека Агенцијата ќе ја донесе вистинската одлука околу начинот на ангажманот на адвокатската канцеларија.

Г-дин Петрушевски, дополни, доколку се одбере паушал, мора да има некој минимум дефиниран обем на работа на годишно ниво, за да знае тој што ќе ја даде понудата што го очекува. И паушалот доколку има доста обемна работа, секогаш е во корист на договорниот орган, ќе биде ангажиран максимално а понудувачот, адвокатската канцеларија ќе има сигурност дека тие пари му се обезбедени. Доколку има многу работа, ако се оди предмет по предмет, тогаш може за еден-два предмета да се потрошат сите пари.

Г-дин Фетаи, рече дека тој има едно поинакво размислување околу барањето што е предложено, не навлегувајќи во потребата, бидејќи сигурно се размислило дека е потребно. Кога ја погледнал спецификацијата на адвокатските услуги кои се потребни со надворешен ангажман, смета дека правници во Агенцијата, во Секторот за правни

работи, со оглед на досегашното работно искуството и тоа што претходно беше речено дека досега Агенцијата нема изгубено предмет, нема дилеми околу нивното специјализирано правно знаење кое се однесува во сферата на радиодифузијата. Малку му изгледа нелогично Агенцијата да бара од надвор адвокатски услуги за работите кои се тука набројани. Ако Агенцијата нема толку знаење во таа насока, една од најповиканите институции во сферата на радиодифузијата, пример: правна помош – проучување на законски и подзаконски прописи поврзани со дејноста и со работењето на Агенцијата, во која смисла? Праша кои адвокати ја знаат оваа работа, појасно и постручно од капацитети што ги има Агенцијата. Второто: изработка на договори, правни мислења и информации. За кои договори? За концесија или сме бизнис фирма па имаме страшно големи договори? Според негово мислење предложи друга варијанта. Доколку навистина е потребно, поради тоа што нема доволно луѓе кои што треба тоа да го сработат, тогаш да се отвори конкурс и да се вработи едно лице каде што ќе се наведат овие спецификации, во смисла на некое специјално знаење. Во најмала рака, рече дека тој нема позитивно мислење во оваа смисла, не сакајќи да навлегува во причините кои довеле до овде. Агенцијата има специфични случаи, како на пример што беше последниот пат во поглед на стечајот, но тоа во историја на Агенцијата е еден или два случаи. И нема толку работа, долгорочна, да се навлезе во облигации, во смисла на правни работи. На крајот се изјасни дека нема да го подржи предлогот.

Г-дин Трајчевски, објасни дека не станува збор за обемна работа, туку за стручни предмети кои што голем дел и не се поврзани со најспецифичниот дел од работата на Агенцијата. Не е само случајот со ТРД Скај Нет, има и други предмети кои што се од тој аспект за кој што се водат судски постапки и кои ќе следат во следниот период, ќе има слични ситуации. Затоа претходно рекол дека не е донесена погрешна одлука, туку да не се доведе Агенцијата во ситуација да донесе погрешна одлука. Инаку и за одлуката за Скај Нет, тоа што беше и предложено, освен што се користеа ресурсите на Агенцијата, побарано е стручно мислење, како на пример состанок со г-дин Трајчев, со стечајниот управител, повикан е друг стечаен управник, потоа со нотарот, кои што без надомест дадоа нивни правни совети или правни размислувања. Меѓутоа со таков начин на работа не може да се оди во недоглед, некого да се повикува да дава толкување. Појасни дека за овие случаи не станува збор за физичкиот дел за работа па да се вработат лица, туку станува збор за специфични работи. Потсети, доколку Советот се сеќава на таа седница за ТРД Скај Нет, членовите на Советот побараа информација дали има и други такви залози. Во Централниот регистар треба да се уплати одредена сума на пари, која што Агенцијата ја уплати, за да ја извести какви други залози во Централен регистар има. Додаде дека има уште еден залог, Продукција М.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, рече дека не е само тоа, имаше и неколку постапки кои што се водеа пред надлежните судови, и сега ќе резултираат со отворање стечај. Допрва ќе треба да се отвори за еден субјект стечај, па да се види дали е тоа целисходно или не. Ги покани членовите на Советот да дојдат во Секторот за правни и економско-финансиски работи, за да им бидат презентирани сите случаи кои што претстојат. Во еден дел од материјалот пишува за Законот за нотаријат кој што се смени. Минатиот месец имаше комуникација со нотарите кои што имаа различни мислења во однос на тоа дали пред нотар за одредени предмети, за платни налози итн. може Агенцијата сама да настапува, бидејќи основач е Република Македонија, меѓутоа и покрај тоа тие бараа присуство на адвокат. Потоа објасни дека се пријавил еден нотар кој што тоа сакаше да го реализира, па во иднина може да се доведеме во ситуација и тој нотар да се откаже. На средбата за правници имаше дискусија околу оваа проблематика, но не беше

искажан конечен став. Оттука, доколку во иднина има налози кои треба да се спроведат кај нотар и доколку биде потребен адвокат да ја застапува Агенцијата, а Агенцијата ја нема обезбедено оваа услуга, може да се доведе во прашање динамиката на работата. Агенција за електронски комуникации имаат два адвокати и Агенција за млади и спорт имаат адвокат – адвокатска канцеларија. Информира дека се изгуби неколку дена јавувајќи се секаде, еден вака ќе каже, еден онака ќе каже, сакавме и од тој аспект да бидеме заштитени, а тие платни налози исто така и со време се врзани, да не останеме во ситуација да не можеме да постапиме. На крајот рече како Советот ќе одлучи така ќе се постапи.

Г-дин Фетаи, рече дека е во ред аргументацијата, нема дилеми околу тоа. Но според спецификација што е наведена во материјалите, тој и понатаму останува на неговото мислење, дека малку му изгледаат прешироки барањата и потребите што ги има и според Секторот за правни работи, како што рекол – проучувања, законски, подзаконски прописи, вршење на правни анализи за потребите на Советот.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, појасни дека доколку не се напише за што е потребно, адвокатите утре може да кажат јас за ова не сум ангажиран. Подобро е да има сè, па да се побара помош ако затреба, отколку да се ограничи барањето и да се доведе до ситуација да не може нешто да се побара, тоа беше размислувањето.

Г-дин, Фетаи, рече, да, но доколку е потребно, доколку мора да има адвокат за да биде Агенцијата застапена затоа што е таква процедурата, тоа е друго прашање. Објасни дека суштински не гледа некоја голема потреба за некои вака специфични работи, бидејќи Агенцијата има луѓе за интелектуални услуги, анализи и сето тоа. Убеден е дека ако треба, подобро да се вработи барем еден стручњак за овие елементи, нека биде тука со нас, да има уште еден човек. Во ова време на голема невработеност, може да се вработи некој доктор по правни науки или магистер по правни науки или нешто слично.

Г-дин Трајчев, рече, колку што разбрал од Стручната служба, има една работа која што налага и согласно последните законски измени, потреба за задолжително присуство на адвокат. Од тоа произлегува дека во тие случаи Агенцијата мора да ангажира адвокат.

Г-дин Петрушевски, рече, и не само колегата Фетаи, и другите членови на Советот дале забелешки околу дилемите на спецификацијата. Исто така неколку членови од Советот кажале дека во принцип ќе дадат согласност, меѓу кои е и тој. Се предложи нивните забелешки да се земат во предвид и останува конечно од службата и директорот како ќе одлучат, како ќе оди самата спецификација, бидејќи сè уште стои дилемата дали да се оди на паушал или на завршена работа. Предностите и на едната и на другата ги знаат и во тој дел Советот нема да се меша, но сепак забелешките ги кажале членовите. Одлуката ќе остане пак на Стручната служба и Директорот, и без разлика како ќе гласа тој или г-дин Фетаи, во секој случај, која и да помине варијанта, треба да се земат забелешките во секоја варијанта и да размислат. Тоа е неговиот став, и се изјасни дека ќе гласа позитивно за предлогот. Побара дали има некој друг за дискусија, бидејќи има еден предлог и неколку најави.

Г-дин Фетаи, праша дали стварно мислат дека не може еден стручен правник во оваа смисла да се вработи, како магистер, доктор на правни науки? Ќе го има постојано, ќе помага 8 часа дневно и ќе биде во Агенцијата. Не сака нешто против што ќе ја хендикепира Агенцијата, тој го почитува предлогот, не е случајно дојден, има причина зошто е дојдено до тој предлог. Но сепак рече дека навистина има дилема околу сè.

Г-дин Петрушевски, рече кога веќе се зборува на таа тема, треба да се вработи и човек и за информатика. Во Секторот за информатичка поддршка многу се зголеми работата, неколку пати, но не може вработување поради тоа што е врзано со изборите, се уште нема избор на Влада итн. Според него, прв чекор по формирањето на Влада, сигурно ќе биде вработување во Секторот за ИТ, а за предлогот на г-дин Фетаи, нека размислат колегите, долгорочно. Рече дека имаше повеќе дискусии во различни правци и еден предлог. Го праша г-дин Фетаи, дали сака да се гласа по неговиот предлог?

Г-дин Фетаи, рече дека не сака, дека ќе биде воздржан околу целиот предмет. Тоа е стратегија на директорот, тој дал само негово мислење.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.03-2451/1 од 12.05.2017 година и со 6 гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фетаи, даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе Одлука за набавка на адвокатски услуги од адвокатско друштво/канцеларија за 2017 година, согласно Спецификацијата која се достави во Прилог на Одлуката.

Средствата за набавка на адвокатски услуги од адвокатско друштво/канцеларија за 2017 година, во износ од 354.000,00 денари, се предвидени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година бр.05-6650/1 од 22.12.2016 година и бр.05-2373/1 од 05.05.2017 година.

Г-дин Петрушевски, рече дека останува она што го кажал, повтори сите дискусии од членовите на Советот по можност Стручната служба и Директорот да ги имаат предвид кога ќе се прави конечната верзија на спецификацијата.

**Точка 5**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2443/1 од 11.05.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе одлука за обезбедување на дополнителна претплата за 4 (четири) конекции/пристапи на електронска база на прописи – ЈП Службен Весник на Република Македонија, за период од 1 (една) година, во износ од 44.000,00 денари, со пресметан ДДВ 18%, со текст како што беше предложена.

Износот на средствата за пристап на електронската база на прописи на ЈП „Службен весник на Република Македонија", е предвиден во Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017 година, бр. 05-6650/1 од 22.12.2016 година и бр. 05-2373/1 од 05.05.2017 година.

**Точка 6**

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2431/3 од 11.05.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата, да донесе одлука за потреба од јавна набавка - стока: пијалаци за потребите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка за предметот – Пијалаци за потребите на Агенцијата, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2017 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст), бр.05-463/1 од 20.01.2017 година, а средствата во износ од 180.000,00 денари (без ДДВ) се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2017-та година.

**Точка 7**

Г-дин Трајчевски, ја образложи Предлог-одлуката за набавка на штедливи сијалици за дополнително осветлување во просториите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека од истиот извештај на фирмата што ги направи анализите на работните услови, според кој се поднесе барање за измена на Финансискиот план и Планот за јавни набавки за навлажнувачи на воздух, произлезе дека во одреден број канцеларии не е соодветно осветлувањето и дека треба да биде зголемено. Бидејќи сумата е помала, се вклопува во набавка од мала вредност. Од таа причина немаше потреба да измени Планот за јавни набавки и затоа се предлага за тие канцеларии да се изврши дополнително осветлување со мала јавна набавка.

Г-дин Петрушевски, рече дека предлогот е одлична идеја и Град Скопје многу ја промовира. И самите луѓе ќе се уверат и дома да си постават и дека на годишно ниво е значајно намалување на буџетот на граѓаните. Истовремено таа електрична енергија што не се троши значи дека некаде помалку нафта ќе се изгори или помалку ќе се согори јаглен, се заштедува и ја заштитува околината. Ова е за пофалба, и рече дека секој треба да размисли, кој нема дома си стави штедливи сијалици.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-2424/2 од 12.05.2017 година и едногласно даде одобрение Директорот на Агенцијата да донесе одлука за набавка од мала вредност за набавка на - 65 (шеесет и пет) штедливи сијалици, за да се обезбеди дополнително осветлување во просториите на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, чија вредност нема да надмине износ од 30.500,00 денари без вклучен ДДВ..

Од пристигнатите понуди, понудата од ДГ "ЕЛЕКТРО ХАУС" ДООЕЛ, Скопје заверена со наш број бр.05-2441/1 од 11.05.2017 година, (бр.32/17 од 04.05.2017 година), во износ од 30.500,00 денари, без пресметан ДДВ, е финансиски најповолна за Агенцијата.

**Точка 8**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-2439/8**
**01.06.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**